**РАБОТИЛНИЦА, TAIEX, во Скопје, ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА**

Работилница со учество на повеќе земји, на тема „Предизвици во ИПА II и јакнење на мрежата на ревизорските тела“, во организација на ТАИЕКС во соработка со Ревизорското тело за ревизија на ИПА во Република Македонија, се одржа во периодот 24-25 октомври 2017 година во Скопје.

Главната цел на работилницата беше споделување на најдобрите практики и научени лекции во однос на ревизија на инструментот за претпристапните фондови, со цел јакнење на националните ревизорски тела во администрациите на земјите корисници.

Работилницата беше добра можност за Ревизорското тело на Република Македонија, кое оваа година обележува 10-годишнина од своето формирање, да го презентира патот кој го измина во тие 10 години и да ги сподели искуствата со другите учесници на работилницата.

На оваа работилница присуствуваа повеќе од 80 учесници од:
- ревизорските тела од Албанија, Црна Гора, Србија, Турција, Република Македонија (претставници од ревизорските тела на овие земји кандидати направија презентации за статусот и работата на нивните соодветни ревизорски институции), Босна и Херцеговина и Косово;
- претставници од Европска комисија – генерален директорат за соседство и проширување, генерален директорат за вработување, социјални работи и инклузија и од Делегацијата на Европската Унија во РМ, како говорници;
- претставник од Европскиот суд на ревизори, говорник;
- претставници од ревизорските тела на земји членки на ЕУ – Хрватска, Бугарија и Романија кои ги претставија нивните искуства во ревизија на ИПА фондовите, говорници.

Поздравниот и завршниот говор на работилницата ги одржа в.д. главниот ревизор за ИПА на македонското ревизорско тело.

.